**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**за III одделение**

**Скопје, 2022 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | III (трето) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ***1. Слушање и зборување***<br>***2. Читање и пишување***<br>***3. Литература, изразување и творење***<br>***4. Медиумска писменост и медиумска култура*** |
| **Број на часови** | 5 часа неделно/180 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Таблет, компјутер, звучници, слушалки.<br>• Паметна (смарт) табла.<br>• Маркери во боја.<br>• Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделни или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, поговорки).<br>• Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници.<br>• Дигитална библиотека со книги.<br>• Библиотека во училница со книги.<br>• Анимирани филмови, аудиовизуелни записи од театарски претстави, интернет образовни софтвери и други аудиовизуелни средства и други средства во зависност од целта. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | • дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Јазична писменост***:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со другите јазици; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој***, ***Општество и демократска култура*** и ***Уметничко изразување и култура***.

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |

| | |
|---|---|
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Подрачје: ***Слушање и зборување***

Вкупно часови: 40

Резултати од учење:

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. разбира слушнат текст: ги идентификува и опишува основните податоци (учесници/ликови, описи, локации, време), го резимира текстот, одговара на прашања и поставува прашања за текстот;
2. учествува во разговор преку изразување мислење, поставување прашања и одговарање на прашања;
3. користи правилна интонација и правилен изговор при говорење;
4. раскажува и опишува менувајќи ја позицијата на раскажувач;
5. прераскажува и раскажува, користејќи ги соодветно глаголските времиња (сегашно, минато определено и минато

| | |
|---|---|
| неопределено време), како и директниот и индиректниот говор. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • Слушање со разбирање | • Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува колку се, кој (и кога) зборува и како зборува (тивко, умерено или гласно).<br>• Го идентификува бројот на реченици содржани во текстот додека го слуша текстот (најмногу пет реченици).<br>• Опишува места, локации, изглед на предмети и лица според содржината на слушнатиот текст.<br>• Резимира содржина на слушнат текст (усно и во пишана форма).<br>• Идентификува и кажува податоци за времето, местото и начинот на вршење на дејството во слушнат текст.<br>• Опишува (усно или во пишана форма) особини на ликови, предмети и појави во слушнат текст.<br>• Идентификува нелогичности во слушнат текст.<br>• Одговара на прашања од различен тип (*да/*не-прашања, *кој/што*-прашања*, каде/кога*-прашања, *зошто* прашања) во врска со слушната содржина.<br>• Поставува прашања од различен тип (*да/*не-прашања, *кој/што*-прашања*, каде/кога*-прашања, *зошто* прашања) поврзани со слушната содржина.<br>• Идентификува непознати зборови во слушнат текст и го опишува нивното значење со свои зборови. |
| • Говорење со разбирање | • Соодветно употребува фрази од секојдневни комуникациски ситуации во различни контексти.<br>• Усно искажува свое мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот живот.<br>• Усно раскажува настани од сопствено искуство според редоследот на случување.<br>• Користи нови зборови при усно изразување во согласност со темата или комуникациската ситуација.<br>• Го прилагодува тонот, интонацијата и стилот на говорење на комуникациската ситуација. |
| • Изговор | • Самостојно дели разносложни зборови на слогови.<br>• Идентификува погрешно изговорени зборови и ги кажува правилно.<br>• Користи правилна интонација при кажување на расказни, прашални и извични реченици. |
| • Усно прераскажување, | • Прераскажува со правилна употреба на реченици во минато неопределено време. |

| | |
|---|---|
| раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределено време<br><br>(без дефинирање на глаголските времиња) | • Усно раскажува за секојдневни настани и случувања со употреба на сегашно време и минато определено време.<br>• Раскажува кратка приказна врз основа на серија слики како сведок раскажувач.<br>• Раскажува приказна за настани/случки како протагонист/главен лик), претставувајќи ги хронолошки и со правилна употреба на глаголските времиња.<br>• Раскажува на зададена тема или на тема по избор, користејќи соодветен вокабулар и употребувајќи глаголи во сегашно и минато време.<br>• Опишува лица, ликови, растенија, животни, природни појави, пејзажи со правилна употреба на именски зборови (именки, придавки, броеви, заменки)<br>• Преобликува со индиректен говор дијалошки форми, користејќи реченици различни по содржина (расказни, прашални, извични, потврдни, одречни *(– Кате, дај ми ја книгата, те молам! – Почекај ме да допишам, Никола! / Никола ја замоли Кате да му ја даде книгата. Кате му рече да ја почека да допише.)*.<br>• Преобликува реченици со различна комуникациска цел од индиректен говор во дијалошки форми *(Библиотекарот нѐ праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште малку за пишување. – „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште малку работа, библиотекаре“)***.** |

**Примери за активности**

- Учениците слушаат најава на позната анимирана серија за деца или реклама за здрава храна и идентификуваат за која серија/реклама се работи, ги препознаваат ликовите, откриваат колку се и кои се, дали зборуваат гласно, тивко или умерено.
- Учениците слушаат краток текст (со најмногу 5 реченици) со информации со задача да внимаваат колку реченици има текстот. При повторното слушање на истиот текст извикуваат „точка“ секогаш кога мислат дека реченицата завршила (според смислата на реченицата и интонацијата во читањето). На крајот наставникот ги чита речениците една по една, а учениците ги запишуваат.
- Учениците поделени во групи слушаат текст за посета на некој град. Нараторот соопштува информации за местото и неговиот изглед, за некои објекти како и за лица кои живеат таму. По слушањето во секоја група со помош на зададени прашања прават краток опис на местата, локациите, објектите и лицата од слушнатата содржина.
- Учениците слушаат краток извадок од биографијата на некој познат музичар/ка, уметник/ца, спортист/ка, а потоа дискутираат за содржината. Резимираната содржина ја запишуваат со неколку куси реченици.
- Учениците слушаат басна, а наставникот им дава насоки за препознавање на времето, местото и начинот на вршење на дејството во слушнатиот текст. Потоа поделени во групи ги кажуваат/презентираат податоци за времето, местото и начинот на вршењето на дејството што ги идентификувале во текстот.
- Учениците работат во мали групи/парови. Секоја група/пар добива коцка – на секоја страна од коцката е прикажан по еден

лик/предмет/животно/појав од претходно изучена приказна. Секој ученик во групата ја фрла коцката и го идентификува, именува и го опишува она што му се паднало.

- Учениците ја играат играта *Испревртени реченици*. Наставникот им чита текст во кој има логични и нелогични реченици, како на пример*: Шините оди по возот. Марија и Марко гледаат низ еден од прозорците на возот. Планината гледа и ја поздравува Марија. Возот стаса на станицата. Едни патници влегуваа, а други излегуваа низ вратите од возот. Куферот го зема Марко и се поздрави со Марија*. Учениците ги откриваат нелогичностите, ги запишуваат речениците правилно и објаснуваат зошто е тоа правилно.
- Учениците слушаат приказна, а потоа одговараат на прашања од типот: Дали имаше ликови животни во текстот? Кој беше главниот лик, според вас? Што се зборува во текстот? Што се случи со главниот лик на крајот? Каде се случи настанот? Кога се случи настанот? Зошто се појави проблемот во текстот?
- Учениците се поделени во групи. Наставникот пушта по еден аудиозапис (делови од говор со кој се изразуваат благодарност, сочувство, извинување, одобрување/комплименти, желби, барања, како и телефонски разговори и други снимени дијалошки и монолошки форми). Групите ја идентификуваат содржината на различните секојдневни комуникациски ситуации и меѓусебно си поставуваат прашања од различен тип (*да/*не-прашања, *кој/што-*прашања*, каде/кога-*прашања, *зошто* прашања) поврзани со слушната содржина.
- Учениците слушаат текст и секогаш на непознат збор од текстот извикуваат „СТОП“. Го кажуваат непознатиот збор, го запишуваат и го објаснуваат неговото значење според тоа што го сфатиле од контекстот. Потоа секој ученик добива лист поделен на четири дела. Треба да избере еден од непознатите зборови кои претходно ги идентификуваа во текстот и да го запише на едниот дел од листот. Во вториот дел го запишува објаснувањето за непознатиот збор, во третиот дел запишува реченица во која го користи непознатиот збор и во четвртиот дел го црта (предмет, појава итн.) она што го означува непознатитот збор или запишува друг збор или зборови што го потсетуваат на непознатиот збор.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, добиваат задача со различна комуникациска ситуација. Секоја група/пар симулира дека се наоѓа на пазар, во продавница, аптека, спортски клуб или на друго место од нивното секојдневие и учениците комуницираат преку поставување прашања соодветни на ситуацијата и одговарање на нив. Улогите се менуваат за да се обезбеди секој да поставува прашања и секој да одговара.
- Учениците седат во круг и секој од нив добива картичка со проблемска ситуација на која можат да наидат во секојдневниот живот. На пр.: 1. Твојата топка паднала во соседниот двор. Соседот не дозволува влегување без прашање, а играта е во тек... Што ќе направиш? 2. Во автобус влегува баба. Нема место да седне. Ти седиш со претежок ранец од тренинг. Што ќе направиш? 3. Другарчињата те викаат на играње, а ти немаш напишано домашно иако дома вети дека прво ќе ги завршиш обврските. Што ќе направиш? и сл. Секој ја чита „својара“ проблемска ситуција и одговара на поставеното прашање. Другите ученици следат и даваат дополнителни предлози за слични или различни решенија.
- Учениците одбираат тема на која повеќемина би сакале да споделат искуство (посета на спортски натпревар, посета на училишна претстава, караница во училишниот двор и слично). Раскажуваат со помош на насочувачки прашања: Што се случи на почетокот?

Потоа каде се упативте, што направивте? Како заврши таа случка? Што научивте од тоа искуство?

- Учениците на часот презентираат домашна работа – говор од неколку реченици на одредена тема (Пр. Јадењето зеленчук е здраво, Кучето е најдобар пријател на човекот, Книгата е извор на знаењето). За подготовката на *говорот* добиваат упатство да употребуваат кратки реченици и зборови кои се специфични и се однесуваат на темата која ја избрале. По секој *говор* учениците аплаудираат.
- Учениците во двојки добиваат илустрации и соодветен дијалог на илустрацијата кои ги драматизираат. На пр. роденденска забава кај соученик, во канцеларијата на педагогот, говор пред училишната заедница. Потоа дискутираат каде и како би зборувале, со каков тон, дали би се обраќале со *вие* и слично. Секој пар се претставува со драматизацијата, а останатите ученици следат како се прилагодува тонот, како се користи соодветната интонација и стилот на говорење од страна на учениците што драматизираат.
- Учениците поделени во групи играат квиз. Една по една групите добиваат збор кој треба да го поделат на слогови. За секој точен одговор добиваат по еден поен, а за секој неточен одговор им се одзема по еден поен. Победници се оние кои имаат најмногу освоени бодови. На крајот се води дискусија за тоа како најлесно ги определуваат слоговите.
- Учениците слушаат текст од повеќе реченици (од аудио запис или го чита наставникот). Во секоја реченица има најмалку еден погрешно изговорен збор (погрешно акцентиран или изговорен на нестандарден јазик). Учениците треба да ги идентификуваат погрешно изговорените зборови и да кажат како треба точно да се изговорат.
- Учениците поделени во групи добиваат кратки реченици кои се напишани со соодветни интерпункциски знаци. Секој од групата чита по една реченица со правилна интонација, а другите погодуваат дали реченицата е расказна, прашална или извичнаНа крајот дискутираат зошто е важна правилната интонација за разбирање на речениците (пример, не се повишува тонот при изговорот на расказната реченица).
- Учениците слушаат приказна, а потоа усно ја прераскажуваат по посочен модел: *Си била една мома која живеела во една далечна земја. Таа имала... Секој ден одела ... Секој ден вредно работела...*
- Учениците добиваат тема за која ќе зборуваат на часот: „Како учам за да научам“. Раскажуваат како учат и што прават со цел тоа што го учат да го научат. При искажувањата користат сегашно време.
- Учениците се мотивираат преку прашања кои се поставени како потсетник на таблата да раскажат што правеле самите тие и другите од нивното семејство кога биле болни. Добиваат пример кој ги насочува да раскажуваат користејќи минато определено време. Пр: Кога бев болен од сипаници, целото тело ме чешаше. Татко ми ме мачкаше со бела течна пудра.
- Секој ученик добива лист со илустрации кои треба да ги доцртаат и да раскажат нивна приказна како сведоци на настанот/настаните. Пр. Наставниот лист е поделен на четири дела со сликички. На првата сликичка има парк и деца кои играат

со топка. На втората има само дете. На третата сликичка има топка. Четвртата коцка ја доцртуваат сами со обединување на прикажаното во трите сликички и раскажуваат што се случувало.

- Учениците слушаат приказна/расказ во кој главен јунак е дете на нивна возраст кое постапува храбро и чесно во одредена ситуација, а настаните се претставени хронолошки. Учениците по овој пример раскажуваат слична приказна, од своето искуство или измислена, во која тие се главни јунаци и настаните ги презентираат по редослед. При тоа користат прво лице во минато време (како *бев, видов, зедов, најдов, качив...*).
- Учениците дискутираат на тема: Омилена серија за деца или Омилена онлајн игра. Учениците користат зборови соодветни на темата и внимаваат да раскажуваат во сегашно време и во минато време, како на пр. Јас ја *сакам* оваа серија бидејќи... Во неа *има* ... ликови кои....Кога бев мал ја сакав играта...затоа што...
- Учениците ја опишуваат околината по спроведено набљудување во блиската околина. По насока на наставникот користат што повеќе описи за конкретните предмети, објекти и суштества што ги виделе. *Пр. Нашата улица е голема и светла. Во нашата улица има зелен дрворед со многу високи дрвја. На улицата има и многу автомобили, по два пред секоја куќа. Кога врне силен дожд улицата се полни со вода на едниот крај. Зад нашата улица има големо игралиште ....*
- Учениците слушаат текст со директен говор и имаат за задача да го трансформираат во индиректен. Пр. *–Лела, дојди кај нас во дворот да си играме. –Ќе дојдам веднаш Сара, само да им кажам дома./Сара ја повика Лела да си играат во дворот. Лела ѝ рече дека ќе дојде само да им каже дома*.
- Учениците работат во парови и составуваат дијалози од по три реченици, користејќи расказни, прашални, извични, потврдни и/или одречни форми. Ги разменуваат составените дијалозите со друг пар и „туѓите“ дијалози ги трансформираат од директен во индиректен говор.
- Учениците работат во парови и ги трансформираат речениците од индиректен во директен говор дадени во наставен лист. (*Мики го викна Бојан и му кажа дека Биби ги чека кај киоскот. Мики го викна Бојан и му рече: - Биби не чека кај киоскот).*

Подрачје: ***Читање и пишување***
Вкупно часови: 60

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. пишува и чита текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо;
2. составува прашања и одговара на прашања во врска со содржината на прочитан текст, пронаоѓа информации во текстот и го резимира;
3. ги почитува правописните правила при пишување текстови според диктат, од сеќавање и на дадена тема;
4. идентификува именки, глаголи, придавки и броеви во реченица;
5. идентификува видови реченици во текст.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | • Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br>• Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br>• За секоја печатна буква напишана на кирилица ја идентификува соодветната печатна буква напишана на латиница.<br>• Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br>• За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br>• Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови.<br>• Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо.<br>• Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни латинични букви.<br>• Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со ракописни латинични букви.<br>• Препишува зборови, реченици и кус текст напишани со латинично печатно и ракописно писмо.<br>• Зборови, реченици и кус текст напишани со латинично писмо ги препишува користејќи кирилично писмо.<br>• Зборови, реченици и кус текст напишани со кирилично писмо ги препишува користејќи латинично писмо.<br>• Пишува диктат со латинични печатни и ракописни букви.<br>• Пишува диктат со латинични букви користејќи тастатура. |
| • Читање со разбирање | • Чита текст со соодветна интонација.<br>• Составува прашања во врска со содржината од прочитан текст.<br>• Одговара (усно и писмено) на прашања во врска со содржината на прочитан текст.<br>• Пронаоѓа зборови и реченица како одговор на прашања во врска со содржината на прочитан текст.<br>• Ја резимира содржината на прочитан текст со една-две реченици.<br>• Пронаоѓа барани информации во научно-популарни и новинарски текстови.<br>• Одговара на едноставни прашања во врска со информации дадени во текст, табела, графикон и мапа. |
| • Пишување и користење правописни правила | • Правилно употребува голема буква при пишување на имиња на улици, плоштади, населени места, планини, реки, установи, наслови на книги и весници.<br>• Пишува две точки и запирка при набројување.<br>• Пишува куси текстови по диктирање, со почитување на правописните правила за употреба на голема буква и интерпункциски знаци. |

| | |
|---|---|
| | • При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред.<br>• Ги пишува со зборови броевите до 1000 и редните броеви до 20.<br>• Препознава неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици и правилно ги препишува зборовите, односно речениците.<br>• Пронаоѓа и поправа грешки во пишан текст (неправилен редослед на букви, испуштени букви, неправилно пренесени зборови, погрешни интерпункциски знаци).<br>• Пишува едноставни текстови според зададена или слободна тема.<br>• Пишува едноставен текст по сеќавање на некој настан, со почитување на правописните правила.<br>• Пишува куси текстови со различна намена (честитка, СМС порака, известување). |
| • Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви)<br>• Видови реченици (расказни, потврдни, одречни, прашални и извични реченици) | • Идентификува конкретни именки во дадена реченица.<br>• Идентификува општи и сопствени именки во даден текст.<br>• Препознава род и број кај именките.<br>• Идентификува глаголи во дадена реченица.<br>• Идентификува броеви како видови зборови во текст.<br>• Идентификува придавки во даден текст.<br>• Иденифицува видови реченици во даден текст.<br>• Трансформира прочитани реченици од еден вид во друг. |

**Примери за активности**

- Учениците имаат картички со изучени латинични букви. Ја покажуваат картичката чиј глас наставникот го изговара. Точноста на поврзувањето ја потврдува наставникот.
- Учениците добиваат кутија со испечатени натписи, наслови на книги, реклами, налепници, имиња на градови, држави напишани на кирилица и на латиница. Секој ученик зема по едно ливче и кажува со која азбука е напишан зборот.
- Учениците добиваат наставен лист на кој се поставени две колони со букви: едната е со кирилични букви, а другата е со латинични. Учениците имаат задача да ги поврзуваат буквите соодветно. Во пар се проверуваат дали сработиле точно.
- Учениците работат во пар, најпрво на картички се претствауваат себеси со неколку генералии: име и презиме, училиште, место на живеење, адреса, при што користат латинично писмо. Се проверуваат во парот за точната употреба на латиничните букви.
- На таблата има стикери со печатни латинични букви на една страна, а на другата страна соодветна ракописна буква на латиница. Учениците излегуваат и прават парови од исти букви напишани печатно и ракописно.
- Учениците го слушаат и запишуваат секој глас одделно што наставникот ќе го изговори. Потоа на таблата во Т – табела запишуваат, на едната страна слушнатиот глас со печатни букви, а во другата колона истиот глас со ракописни букви.

- Учениците ги запишуваат имињата на својот омилен пејач, омилен спорт, спортист и спортски тим, на омилениот лик од цртаните. Потоа пишуваат по една проста реченица за секое име/податок/поим користејќи латинични букви. Споделуваат во пар.
- Учениците се во групи од четворица, во секоја група има текст напишан со печатни латинични букви и поделен на четири дела. Читаат сите по ред и следејќи се, се поправаат доколку е потребно.
- Учениците индивидуално читаат во себе текст напишан со ракописни латинични букви на соодветна и актуелна тема. Потоа читаат гласно пред сите во паралелката.
- Учениците препишуваат текст од кирилица на латиница во кој има и мали илустрации/сликички кои треба да ги претворат во зборови. Препишаното го проверуваат заеднички на таблата.
- Учениците препишуваат кус текст од некоја кратка медиумска содржина напишана со латинично писмо на кирилица. Точноста ја проверуваат на таблата.
- Учениците добиваат песничка напишана на кирилица да ја препишат на латиница. Се проверуваат во пар преку споделениот пример од наставникот.
- Учениците пишуваат по диктат неколку кратки реченици, потоа се самооценуваат гледајќи го текстот поставен на таблата.
- Учениците пишуваат по диктат на тастатура и внимаваат на точното користење на латиничните букви и на правописните правила.
- Учениците читаат кратки текстови пред сите во паралеката играјќи ТВ – спикер/презентер. При читањето користат соодветна интонација и почитувајќи ги интерпункциските знаци и видот на текстот.
- Учениците добиваат краток текст. По читањето имаат задача да напишат неколку прашања за содржината која ја прочитале (кој, што, каде, кога, како, зошто). На крајот прашањата се читаат и се запишуваат на таблата.
- Учениците слушаат текст од аудиоснимка, а потоа во двојки одговараат на поставените прашања во работен лист (кој настан е претставен во текстот, кој учествува во настанот, кога се случил и каде)...
- Учениците самостојно читаат текст со должина од 8 до 10 реченици. Потоа користејќи ја техниката инсерт, го бараат одговорот на трите прашања кои се под текстот (прашањата се насочени кон пронаоѓање на реченица и клучни зборови).
- Учениците читаат кус текст на тема *Слободно време* со должина од 8 до 10 реченици, а потоа пишуваат свој заклучок за текстот, во една-две реченици.
- Учениците читаат научнопопуларен текст. На таблата или на презентација наставникот поставува делови од текстот за кои упатува конкретни прашања кон учениците. Учениците одговараат на прашањата, но аргументот го бараат во изделените делови од текстот со кои наставникот ги насочува. Дискутираат и резимираат заеднички со изделување на клучни информации.
- Учениците читаат текст во кој има мапа на една населба.  Под текстот има прашања: Колку автобуски станици треба да поминат од местото А до местото Б? Покрај кои објекти треба да поминат? Дали има и друг начин да се стигне од местото А до местото Б? Да се опише тој пат.

- Учениците добиваат наставен лист со цртеж/мапа на кој е претставено нивното место со најважните работи, планина, река, улици, нивното училиште, плоштадот, установи, а нивните називи не се точно запишани. Учениците ги запишуваат правилно називите, а точноста се проверува пред сите во одделението.
- Учениците добиваат работен лист на кои имаат повеќе прашања во кои треба да набројат повеќе нешта, пример, *Што е потребно за растението да порасне? Што содржи училиштниот прибор? Кои се најпознатите овошја кои растат во нашата земја?* Учениците добиваат насока дека треба да внимаваат кога ги пишуваат набројувањата. Неколку примери од одговори се пишуваат на табла за да се провери точноста.
- Учениците пишуваат по диктат текст кој содржи реченици различни по состав и називи кои се пишуваат со голема буква(училишта, плоштади, улици, музеи, лични имиња). Речениците треба соодветно интерпункциски да ги обележат. За напишаното наставникот им дава точен пример на табла и учениците се самооценуваат.
- Учениците добиваат наставен лист во кој во текст има повеќе зборови кои се пренесени во друг ред. Точно пренесените зборови ги обележуваат со знак точно, а неточните ги поправаат под текстот. Се проверуваат заеднички на таблата.
- Учениците добиваат текст во кој има податоци претставени со броеви (пример, висини на згради кои се глобално познати како споменици во светот). Секој од броевите го запишуваат со зборови, притоа ги подредуваат со реден број: првата е висока ... втората е висока... Заеднички се проверуваат за точноста на запишаното.
- Учениците се поделени во групи, добиваат наставен лист со текст во кој редоследот на зборовите во речениците не е точен, но каде има грешки и во редоследот на буквите во зборовите, пример лојзе: лозје, вазна: ванза, спањак: спанаќ. Ги пишуваат зборовите во правилен редослед и го презентираат текстот кој го напишале.
- Учениците работат во пар, секој добива по еден текст во кој има правописни грешки како што се испуштени интерпункциски знаци и погрешно пренесени зборови. Ги поправаат грешките и потоа си ги заменуваат ливчињата со текстот за да проверат колку точно ја завршиле *лектурата*.
- Учениците добиваат задача да напишат краток текст од 5-6 реченици што ќе се однесува на најубавиот расказ или сликовница кој го прочитале. На таблата наставникот има поставено прашања за учениците: кој е твојот омилен расказ/сликовница; зошто го избираш како омилен расказот/сликовницата; дали има посебно интересен лик кој го прави тој расказ/таа сликовница значајна за тебе. Напишаното го читаат пред сите во паралелката.
- Учениците творат според наслов кој е запишан на таблата, а се однесува на настан кој се одржал во нивното училиште (хуманитарна акција, спортски натпревар, театарска претстава, патронен празник и сл.). Покрај насоката за внимателно составување на содржината, учениците имаат насока да ги почитуваат правописните правила. Споделуваат и си проверуваат во пар.
- Ученицте се поделени во групи: секоја група добива задача да напише честитка за Нова Година, честитка за роденден и СМС порака. Сите изработки, секоја од групите, ги чита и презентира пред одделението, се коментира содржината и се дава повратна информација од наставникот за почитувањето на правописните правила.

- Учениците добиваат текст во кој именките се изоставени, го читаат целиот текст и ги пополнуваат празните места. Потоа ги читаат дополнетите зборови и коментираат што означува зборот: географски поим, лично име, растение, животно, објект, предмет и слично. Заклучуваат заедно со наставникот дека зборовите со кои им се дава име на нештата се викаат именки.
- Учениците добиваат наставен лист со запишани именки и имаат задача да направат боење на личните имиња/сопствени именки со жолто, а другите именки кои се имиња на предмети и суштества, со зелено. Споделуваат и проверуваат заеднички на таблата со запишуваење на точните примери.
- Учениците добиваат наставен лист на кој се прикажани на илустрации од предмети и суштества. Во едната илустрација е претставено еден предмет/суштество, а на другата повеќе. Учениците ги пишуваат именките под илустрациите и дискутираат за нивните разлики, именките можат да бидат различни и да бидат од машки, женски и среден род, односно во еднина и множина.
- Учениците добиваат илустрации и задача да напишат кој што прави / што се случува на илустрацијата, а потоа ги идентификуваат зборовите кои означуваат работа, дејство, состојба. При пишувањето на своите примери внимаваат на лицето и времето на глаголот со кој се искажува дејството.
- Учениците добиваат работен лист со два куси текста. Во првиот текст имаат задача да ги подвлечат броевите во текстот. Во вториот имаат задача да го дополнат текстот со соодветни броеви.
- Учениците поделени во групи, работат на активноста *Разубави го текстот* (додавање придавки). Текстот кој го добиваат пред именката има празно место кое се пополнува збор кој е опис и кој се посочува како придавка. Секоја група ја презентира својата изработка.
- Учениците добиваат наставен лист со реченици кои немаат интерпункциски знак на крајот. Ја читаат реченицата, ставаат соодветен интерпункциски знак и ја определуваат според видот (расказни, потврдни, одречни, прашални и извични реченици).
- Секој ученик треба да го нацрта своето омилено животно. Откако учениците ќе завршат, учениците стојат во круг и имаат едно топче. На знак на наставникот првиот ученик со топчето во рака кажува расказна реченица за омиленото животно и го подава топчето на друг ученик. Другиот ученик прво ја претвора расказната реченица во прашална, а потоа смислува нова расказна реченица и го подава топчето на трет ученик. Постапката се повторува сѐ додека сите ученици не кажат барем по една реченица.
- Наставникот им дели на учениците, поделени во парови, по 5 илустрации. Секој ученик од парот самостојно пишува со ракописни латинични букви по една потврдна реченица за секоја илустрација. Потоа ги разменуваат напишаните потврдни реченици и ги претвораат и запишуваат како одречни.

Подрачје: ***ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***
Вкупно часови: **65**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. разликува драмски, поетски и наративни текстови (расказ, приказна, бајка, басна) и ги објаснува разликите преку пример;
2. анализира содржина на литературен текст (тема, порака/идеја, ликови и настани);
3. прераскажува литературни текстови со свои зборови по зададен или сопствен план;

| | |
|---|---|
| 4. раскажува (усно и писмено) на зададена тема и на тема по избор.<br><br>Ученикот/ученичката ќе:<br>5. развива креативно изразување. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | • Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и басна.<br>• Прави разлика меѓу драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери.<br>• Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима). |
| • Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, порака/идеја, настан, лик, време, место) | • Определува наслов, име на автор на дадена книга или на даден литературен текст.<br>• Одредува тема на прочитан литературен текст.<br>• Ги одредува ликовите во прочитан литературен текст.<br>• Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки.<br>• Го одредува главниот настан во текстот.<br>• Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки.<br>• Споредува настани и ликови од прочитан текст со реални ситуации.<br>• Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст. |
| • Усно и писмено изразување и творење | • Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови.<br>• Раскажува настани од секојдневниот живот инспирирани од литературен текст.<br>• Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор.<br>• Твори нов текст со измена на определени делови на прочитан литературен текст.<br>• Раскажува по серија слики или илустрации.<br>• Твори во стих со или без рима на различни теми. |

**Примери за активности**

- Учениците се поделени во групи. Добиваат наставни листови со комбинации од два текста: кратка бајка и басна, басна и расказ, расказ и бајка. Во секоја група се читаат текстовите и се одговара на прашањата кои се однесуваат на содржината и на ликовите во текстовите: дали настаните се реалистични, дали ликовите се реалистични, какви особини имаат ликовите, каде се случува дејството. (Учениците преку дискусија заклучуваат дека во басните ликовите се животни и нивните постапки се имитација на човечките недостатоци, бајките се текствои кои имаат фантастични ликови, предмети и непознати и таинствени места каде се одвиваат, расказите раскажуваат за некој настан кој му се случува на некој лик).
- Учениците се организирани во групи при што една група добива песна и потоа рецитира, втората група добива краток расказ за

читање, третата група добива текст едночинка која ја драматизира /изразно чита. Задачите во групите ротираат, на крајот наставникот поттикнува дискусија за разликите преку примерите кои ги читале од што произлегуваат заклучоци( драмскиот текст е организиран по лица/ликови кои водат дијалог, во наративниот текст се раскажува настан, случка, но ликовите не се изделени како во едночинката, песничката е напишани во кратки редови -стихови.

- Учениците во пар читаат песна и ја одредуваат нејзината структура преку насочувачки прашања на работен лист: Колку изделени делови има во песната? Дали сите делови од песната имаат ист број редови? Дали во редовите има парови од зборови кои завршуваат со исти или слични слогови? Каде се наоѓаат тие? Дали тие полесно се запомнуваат? Учениците треба да умеат да ги објаснат неколкуте поими: редовите во песната се стихови, кои може, но и не мора се совпаѓаат на крајот за да има рима; повеќе стихови формираат строфа.
- Учениците се поделени во група и во секоја група добиваат книги, сликовници, збирка со раскази. Секоја група го одредува насловот, авторот, речник доколку има, содржина на книгата. Групите презентираат демонстрирајќи го согледаното.
- Учениците самостојно читаат наративен текст и потоа одговараат на прашања со дополнување и заокружување на понудени одговори за содржината на текстот: за што се зборува во текстот(со понуден одговор: за другарството, за доаѓањето на зимата, за најголемата желба на едно дете....);, кој учествува во настаните и кои ликови се носители на настаните. Потоа секој самостојно ја запишува темата на текстот со една реченица и споделува пред паралелката.
- Учениците самостојно читаат расказ во кој има неколку ликови. Потоа добиваат работен лист на кој се поставени прашања, распоредени во круг кој е поделен на четири еднакви дела. Редоследот на одговарање на прашањата е во правецот на движењето на стрелките на часовникот: Наброј ги ликовите во текстот? Посочи ја главната особина која ја има секој лик? Кој лик ти остави најмногу впечаток и зошто? Опиши ги сите особини на тој лик, користејќи 1-2 реченици.
- Учениците читаат текст во кој има описи за изгледот на ликовите, но за нив ќе се разговара и во врска со нивното однесување во настаните и нивните постапки во текстот. За отворената дискусијата се користат однапред подготвени прашања (*Со кои зборови е опишан ликот? Што направи ликот на почетокот на текстот? Што направи ликот подоцна во текстот? Што мислиш ти за тоа? Која постапка ти се допадна? Дали ликот можеше и поинаку да постапи?...)*
- Учениците читаат текст самостојно и имаат задача да одредат главниот настан и главниот лик во текстот. Наставникот отвора дискусија и учениците ги образложуваат своите одговори – зошто тој настан и тој лик ги сметаат за главни.
- Учениците работат во работен лист. На горната страна се наоѓа прозниот текст кој треба да го прочитаат, а на долниот дел од работниот лист го запишуваат: времето и местото на настаните, а на поставената полуправа ги запишат настаните по нивниот хронолошки редослед (пишуваат од лево кон десно).
- Учениците се организирани во група. Секоја група добива ленти со делови од приказна кои треба да ги подредат хронолошки за да се добие приказна со соодветен тек на настаните. Секоја група ја презентира својата работа пред одделението. (Доколку некоја група отстапува, се прави дискусија и групата објаснува зошто размислувала поинаку).
- Учениците самостојно читаат текст, а потоа еден го прочитува пред сите, наглас. Наставникот потоа отвора дискусија преку игра

*Сум бил/а во тие чевли* во која учениците раскажуваат слична ситуација која ја доживеале ( или биле сведоци).

- Учениците самостојно читаат текст. Потоа на наставен лист ги пополнуваат исказите: *Овој текст ме натера да размислам за....; Во овој текст бев изненаден од ....; Од овој текст научив дека.... Затоа мислам дека пораката на овој текст е .....* Напишаното се споделува во паралелката.
- Учениците слушаат аудио приказна. Додека слушаат ги бележат настаните што се случуваат во вид на потсетник. Потоа, користејќи го „потсетникот“, ја раскажуваат приказната со свои зборови.
- Учениците читаат текст во кој се зборува за некоја училишна тема и раскажуваат слично свое искуство. Прочитаниот текст им помага да си напишат свој план кој ќе го следат при пишувањето.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива тема за творење и секој член на групата влече број од 1 до 4 или 5 колку што има членови во групата. Учениците разговараат за темата и потоа, надоврзувајќи се еден на друг, смислуваат и запишуваат по една реченица за да направат смислена целина која може да биде и комична. Прв почнува ученикот што извлекол број 1. Сработеното се презентира пред сите.
- Наставникот чита текст во кој се прикажани последиците од некој настан. Учениците пишуваат почеток на расказот во неколку реченици.
- Наставникот поставува фотографија/фотографии на паметната табла од пејзаж од крајот каде живеат учениците. Творат согледувајќи детали од фотографијата (може да биде искористен и постер, календар и слично), а потоа споделуваат.
- Учениците творат во стих на тема која е поврзана со некој настан или со некоја личност од нивната околина која ги воодушевила. Секој ученик во тетратката црта круг на идеи во кој ги запишува зборовите кои се однесуваат на она што сакаат да го напишат, запишуваат најмногу до десет зборови и потоа ги организираат во стихови. Наставникот им дава насоки дека е важно стиховите да имаат смисла и значење и дека не мора секогаш да се римуваат. Напишаното се презентира пред сите.

Подрачје: ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА***
Вкупно часови: 15

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. наведува примери за да објасни/опише како медиумите влијаат врз корисниците;
2. објасни како безбедно се користи мобилен телефон за пристап до информации преку апликации;
3. пребарува и наоѓа потребни информации на интернет преку користење клучни зборови;
4. креира едноставни медиумски содржини со поврзување текст со илустрации.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • Влијание на медиумите (проблематични и поучни | • Прави разлика помеѓу проблематични и поучни информации во медиумските содржини.<br>• Објаснува (преку пример) како содржините во медиумите влијаат врз емоциите на |

| | |
|---|---|
| информации, манипулативни содржини) | корисниците.<br>• Идентификува манипулативни содржини во медиумите. |
| • Користење мобилен телефон<br>(паметен уред, апликации за телефон/паметен уред, икони, емотикони) | • Наведува апликации на мобилен телефон/паметен уред кои се корисни и безбедни за користење.<br>• Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорно и неодговорно користење на мобилен телефон.<br>• Објаснува (преку пример) зошто лозинката за телефонот не треба да се споделува со другите.<br>• Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорна и неодговорна комуникација преку мобилен телефон (преку разговор или пораки).<br>• Илустрира текстуална порака со соодветен емотикон. |
| • Пребарување на интернет<br>(линкови, клучни зборови, Google) | • Објаснува (преку пример) што претставува интернетот.<br>• Определува клучни зборови во реченици и куси текстови.<br>• Наоѓа потребна информација на интернет преку пребарување на Google. |
| • Креирање едноставни медиумски содржини | • Користи различни начини за презентирање информации (текст, слика/фотографија, видео снимка).<br>• Создава медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видео снимка. |

**Примери за активности**

- Наставникот прави избор на повеќе медиумски содржини (извадоци од цртани филмови, стрипови, видео игри и сл.) кои прикажуваат проблематични ситуации (насилство, навреди, лаги, стереотипи, дискриминација, навредување, малтретирање итн.) и/или се поучни (поттикнуваат другарство, разбирање, помагање, или овозможуваат да се научи нешто корисно). По прикажувањето на секоја медиумска содржина (која може да вклучи и поучни и проблематични сидржини), од учениците се бара да дигнат зелено или црвено картонче (зелено ако е поучна, а црвено ако е проблематична) и да образложат зошто мислат така. По завршување со сите медиумски содржини се резимира за тоа кога дадените информации се сметаат за проблематични, а кога за поучни и се дискутира кои би биле последиците доколку истите ситуации се случуваат во реалноста.
- Наставникот презентира неколку видео инсерти со изразени емоции (пр. дете кое плаче по изгубеното милениче, дете што е изгубено во шума, дете што дува свеќички за роденден, дете што се гушка со родителите), и по секој инсерт бара учениците да кажат која емоција е прикажана во него. Потоа учениците се делат во групи и секоја влече ливче на кое е напишана една емоција (пр. среќа, радост, тага, страв, љубов). Нивна задача е да посочат медиумски содржини (цртан филм, игран филм, детска серија, песна, видео клип) што предизвикале таква емоција кај нив. Откако сите групи ќе ги споделат своите искуства, преку отворена

дискусија се заклучува дека повеќето медиумски содржини се креирани така да предизвикаат емоции кај корисниците.

- Наставникот на табла црта две лица – едно намуртено и друго расположено. Учениците се делат во четири групи. Две групи добиваат лист со следниот текст:

  *На една планета си живееле Банци и Донци. Банците биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив Донците биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.*

  Другите две групи го добиваат следниот текст:

  *На една планета си живееле Донци и Банци. Донците биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив Банците биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.*

  Во рамки на секоја група се договараат кој цртеж на таблата ги претставува Банците, а кој Донците. Потоа, наставникот прашува кое лице го поврзале со едните, а кое со другите. Откако ќе се констатира дека изборот е различен за различни групи, групите го читаат текстот што го добиле и се констатираат разликите. Се отвора дискусија по следните прашања: (1) *Дали тој што го напишал текстот за расположените Банци и намуртените Донци е Банец или Донец? Кој го напишал другиот текст?* (2) Како ги доживеавте Банците и Донците? Од што зависеше тоа? (3) *Што би се случило доколку се сними филм инспириран од едната верзија, без да се знае другата? Кои (Донците или Банците) ќе им бидат посимпатични на гледачите?* На крајот наставникот презнтира примери од реклами за некои производи (пр. средство што чисти сè, паста за заби што е најдобра за користење, витамини што даваат сила) и во дискусија се заклучува дека медиумските содржини многу често се креираат така да се истакнат само некои работи или да се извртат работите во нечија корист.

- Се започнува со отворена дискусија по прашањата: *Зошто мобилните телефони се нарекуваат паметни телефони?* (Очекуван одговор: освен што овозможуваат да се водат телефонски разговори, може и да пренесуваат информации). *Кои други уреди се паметни?* (Очекуван одговор: таблети). Потоа учениците се делат во групи со задача да ги најдат апликациите на мобилните телефони (кои се дел од телефоните - не треба дополнително да се инсталираат) преку кои можат да прочитаат колку е саатот, да разговараат по телефон, да праќаат и примаат пораки, да фотографираат и снимаат и да ги чуваат направеите фотографии/снимки, да користат календар, да ја следат сопствената активност, да слушаат музика и гледаат видео снимки и да играат видео игри. Групите (наизменично) ги цртаат на табла иконите за секоја од апликациите за сите видови мобилни телефони застапени во одделението. На крајот, преку отворена дискусија се констатира дека: (1) наведените апликации се безбедни за користење затоа што се дел од телефоните и (2) најголем дел од апликации што ги има на паметните телефони може да се сретнат и на таблетите, претставени со исти или слични икони.

- Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со ситуации на вообичаено користење мобилните телефони, со задача преку дискусија во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одгворно, а кои на неодговорно користење. Како пример на описи може да послужаѕт следните:

(1) За време на ручек, Филип чита и пишува пораки на мобилниот телефон. (Очекуван одговор: Неодговорно/несоодветно)
(2) Додека учи, Енис го чува мобилниот телефон вон видното поле. (Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)
(3) Санела го користи мобилниот телефон за да најде информации што му требаат за да ја напише домашната. (Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)
(4) Маја го користи мобилниот телефон секој ден, по три саати и повеќе, за играње видео игри. (Очекуван одговор: Неодговорно/несоодветно)
(5) Милан скришно чита и пишува пораки на мобилниот телефон за време на часовите. (Очекуван одговор: Неодговорно/ несоодветно)

За секој опис (еден по друг) групите ги презентираат своите одговори и даваат образложение зошто одговориле така, а наставникот ги насочува кон аргументи кои водат до очекуваниот одговор. Во отворена дискусија се заклучува дека прекумерно поминување време на мобилен телефон го спречува навременото завршување на другите работи и придонесува за содавање нездрави навики (најчесто е замена за физичка активност и вистинско другарување).

- На учениците им се презентира ситуација во која се злоупотребува туѓ мобилен телефонот за испраќање несоодветни пораки на други (на пр., Другарите на едно дете му барале да им ја каже лозинката за неговиот мобилен телефон. Од почеток детето не сакало да им ја каже, но откако му ветиле дека нема да ја злоупотребуваат им ја кажало. Потоа скришно му го зеле телефонот и од него им праќале непријатни пораки на други деца). Учениците, поделени во групи, одговараат на прашањата: *Зошто детето ја дало лозинката? За што била употребена? Како тоа му наштетило на детето? Како уште можел да се искористи телефонот за да му се наштети на детето?.* Откако ќе се споделат одговорите пред сите, преку заедничка дискусија се заклучува дека со откривање на сопствената лозинка се нарушува правото на приватност на детето и се овозможува злоупотреба на телефонот за да му се наштети на самото дете.
- Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со описи на комуникација преку пораки на мобилен телефон, со задача преку дискусија во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одгворна, а кои на неодговорна комуникација. Како пример на описи може да послужат следните:

(1) Ана пишува погрдни коментари за други кога мисли дека го заслужиле тоа. (Очекуван одговор: Неодговорно)
(2) Анета не споделува доверливи информации за другите преку пораки. (Очекуван одговор: Одговорно)
(3) Александар не се смета себе си за виновен доколку на Марко му притил порака што е навредлива за Иван. (Очекуван одговор: Неодговорно)
(4) Арта смета дека може да напише што сака за некој друг доколку не го наведе неговото/нејзиното име во пораката. (Очекуван одговор: Неодговорно)
(5) Агим не пишува навредливи работи за другите дури и тогаш кога сака да се шегува со нив. (Очекуван одговор: Одговорно)

(6) Атиџе не пишува во порака нешто што не е соодветно да му го каже некому во лице. (Очекуван одговор: Одговорно)

За секој опис (еден по друг) групите ги презентираат своите одговори и даваат образложение зошто одговориле така, а наставникот ги насочува кон аргументи кои водат до очекуваниот одговор. Во отворена дискусија се заклучува дека споделувањето пораки што навредуваат и критикуваат некого или содржат доверливи информации за некого претставува неодговорна комуникација затоа што го повредува оној на кого се однесува, без оглед на тоа дали пораката ќе стигне до него и/или ќе ја дознаат други на кои не им е наменета.

- Учениците, поделени во групи, влечат по еден лист на кој се напишани три пораки со различна содржина (секоја група добива различни пораки): што укажува на среќа, радост, задоволство (пр. Имам нови патики), тага (пр. Жал ми е за твоето маче), лутина (пр. Заради тебе мене ме испокараа), љубов (пр. Баш си срцка), согласување, поддршка (пр. Одлично го направи тоа), загриженост (пр. Уште имаш температура?), или на шеговита, иронична содржина (пр. Уживав додека ја пишував домашната). Секоја група ги пишува пораките во мобилен телефон, им додава соодветен емотикон и ги праќа до ученици од другите групи. Секоја група ги чита пораките што ги добила, го црта на табла емотиконот вклучен во пораката и кажува како го доживеала. Преку заедничка дискусија се утврдува кои емотикони за која емоција биле користени и се заклучува дека иста емоција може да се изрази со различни емотикони.
- Наставникот ги прашува учениците дали знаат што е интернет и за што служи интернетот, а учениците даваат свои одговори. Потоа, наставникот на цела табла црта големо дрво со многу гранки. Учениците на одделни стикери (најмалку педесетина) запишуваат: комјутер, таблет, мобилен телефон и ги закачуваат на дрвото како листови. Наставникот ги води учениците да замислат дека дрвото претставува интернет мрежа – секој лист од дрвото е еден компјутер или паметен уред и дека целата крошна може да има илјадници листови што се поврзани со гранките преку кои „комуницираат“ едни со други (добиваат и споделуваат информации). Потоа, им покажува „шема“ на поврзани компјутери во мрежа низ училиштето, низ градот, низ целиот свет и објаснува дека секоја информација може да се пренесе и да се добијат најразлични податоци од секоја област преку користење на интернет. На крајот, учениицте споделуваат свои искуства од пребарување на интернет и кажуваат дали самите пребарувале, дали со некој возрасен, што дознале при тоа, што уште би сакале да дознаат со пребарување.
- Учениците, поделени во групи, добиваат листови со напишанани различни покуси текстови (од еден пасус) на одредена тема (пр. Домашни миленичиња, Превозни средства) со задача да ги издвојат најбитните зборови на кои се однесува реченицата/текстот (домашни миленичиња, куче, маче, папгалче, превозно средтво, автомобил, авион, итн.). Откако секоја група ќе ги прочита одговорите, преку отворена дискусија се заклучува дека издвоените зборови се сметаат за клучни зборови затоа што ја пренесуваат главната информација што ја содржи текстот, односно укажуваат на темата со која се бави текстот.
- Учениците, поделени во групи, добиваат тема за пребарување на интернет (пр. Домашни миленичиња, Превозни средства) со задача да определат што сакаат да дознаат во врска со темата и кои клучни зборови треба да ги користат за пребарување на

интернет. Наставникот им ги кажува основните чекори на пребарување: (1) се отвора „пребарувачот Google (2) се внесува точно клучниот или комбинација од неколку клучни зборови или кусо прашање во врска со информацијата што сакаат да ја дознаат, (3) се кликнува „барај (search)“ или копчето „enter“ и (4) се отвораат линковите што ги даваат бараните информации. Групите ги запишуваат добиените информации во врска со темата. Секоја група ги кажува клучните зборови по кои пребарувала и ги презентира добиените информации пред другите. Во отворена дискусија се споредуваат клучните зборови, односно кусите прашања што секоја група ги кристела при пребарувањето и се утврдува нивната важноста за добивање соодветни информации.

- Учениците, поделени во групи, влечат ливче со две содржини - една информација дадена преку текст и друга информација дадена преку слика/фотографија (различно ливче за секоја група). На пр., на едно ливче може да биде: (1) напишано дека едно девојче имало црно куче како домашно милениче, а нејзината другарка имала аквариум со рипки, а групата треба да го претстави текстот со слики/фотографии и (2) прикажана фотографија на деца за време на роденденска прослава, за која групата треба да напише кус текст (5 реченици). По презентацијата на сработеното во групите, учениците се прашуваат дали им беше полесно да ја презентираат ситуацијата со текст или со слика/фотографија. На крајот групите добиваат задача со помош на телефоните да направат кусо видео (во кое самите глумат) и сосема накусо (со најмногу 4 реченици) да ја опишат ситуацијата што е претставена во него. Секоја група го презентира сработеното пред другите.
- Учениците, поделени во групи, со влечење ливче избираат тема (пр. Чувствата што се јавуваат при доживување успех, Избегнување опасни ситуации со непознати лица, Пренесување заразни болести кај децата) за која треба да креираат медиумска содржина составена од кус текст кој самите ќе го смислат и фотографии или видео снимка кои самите ќе ги подготват. Текстот не треба да биде подолг од 5 реченици, а фотографиите и снимките можат да ги направат со користење на мобилен телефон и со самите нив како учесници кои „глумат“ определена ситуација. Секоја група го презентира сработеното пред другите.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и ги оценува:

- изработките на ученикот (творби, искази и сл.);
- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- одговорите дадени во наставните листови;
- практичните изведби (читањето, пишувањето);
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) кои се дел од поучувањето.

Сумативната оценка се изведува врз основа на целокупните податоци добиени од следењето на постигањата на ученикот и формативното оценување преку користење на различните техники на формативното оценување, при што наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно во рамки на секое програмско подрачје. На крајот од учебната година ученикот добива описна сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик* за III одделение.** | бр. 12-14698/6<br>5.12.2022 година<br><br>Ministër i Arsimit dhe Shkencës<br>Doc. Dr. Jeton Shaqiri<br>____________________________ |